**М-р Милена Урдаревиќ**

# ПОВРЗАНОСТ НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ СО САМОПОЧИТУВАЊЕТО КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

UDK:316-624.3:364.636-057.874(497.7)

## ВОВЕД

Низ процесот на растење, а и во текот на целиот живот, изложени сме на бројни влијанија од средината кои се одразуваат на нашите размислувања и на однесувањето. Ефектите од тие влијанија зависат од периодот на живот во кој поединецот се наоѓа, од ситуациските фактори, од моќта на одделни фактори, како и од особините на личноста. Евидентно е дека социјализацијата во значајна мера го определува однесувањето на поединецот во групата. Влијанието на врсниците е составен и значаен дел од растењето, развојот, идентитетот на поединецот и формирањето на неговите навики и однесување. Низ процесот на социјализација детето ги стекнува своите вредности и ставови, прифаќа конструктивни и деструктивни модели на однесување.

Иако насилството во училиштата не е нов феномен во светот, во последните неколку години насилното однесување на учениците доби некои нови карактеристики кои ја потврдуваат тезата дека тоа не е изолирано од случувањата во општеството. Насилството во училиштата е застапено и во основните и во средните училишта, во урбаните и руралните средини. Случаите на насилство во кои се вмешани децата, потоа насилството насочено спрема децата или насилството извршено од децата предизвикува зголемена

загриженост во многу земји во светот.Во врска со овој проблем не се разликува ни Република Македонија.

1. Дефинирање на насилството

Проучувањата на овој проблем започна во 70-тите години од минатиот век, најпрво во Скандинавија, потоа во Јапонија, Англија, Холандија, Канада, САД, Австралија (Olweus, 1998), а во Норвешка овој проблем со години има свое место во средствата за масовна комуникација, кај наставниците и родителите.

Во дефиницијата на Фарингтон (Farrington) bylling се дефинира како: „кој било облик на физичко или психичко нанесување на штета од страна на помоќен и посилен ученик (или група на ученици) на послаб ученик“ (Baldry, 2003:714). Дефиницијата на Olweus, според која „ученикот е злоставуван или виктимизиран кога е перманентно изложен на негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици“ (Olweus, 1993:9) во голема мера кореспондира со онаа на Фарингтон. Во согласност со тоа, можеме да кажеме дека станува збор за bylling само кога се задоволени следните три елементи:

- Негативни постапки – негативни постапки се постапки кои некој намерно ги задава или се обидува да ги зададе на некој друг со цел да го повреди или да му нанесе штета. Berkowitz агресијата ја дефинира како „кое било однесување (физичко или вербално) спорведено со намера да се повреди некого (физички или психички) (според Žužul, 1989:48)“.Негативните постапки можат да се изведат со зборови, физички контакт или пак без употреба на зборови и физички контакт. Негативните постапки со помош на зборови вклучуваат постапки како закани, потсмевања, навреди; негативните постапки со физички контакт вклучуваат постапки како удирање и буткање со раце или нозе, штипење, кубење; додека пак, негативните постапки без употреба на зборови или

физички контакт вклучуваат постапки како исклучување на некого од групата или играта.

- Повторливост и трајност – за одредена негативна постапка да може да се смета за насилна, истата мора да биде повторлива и трајна. Овој елемент е вклучен во дефиницијата за bylling бидејќи во спротивно и повремените безначајни постапки против еден ученик (како закачкање, кое може да биде знак и на симпатија или да биде составен дел од играта) можат да бидат дефинирани како насилство меѓу децата.
- Асиметричен однос на сила – за поимот насилство се зборува само во оној момент кога помеѓу учениците постои непропорционален однос на сила, односно доколку ученикот кој е изложен на насилство не може да се одбрани и е беспомошен во однос на оној кој го злоставува.

2. Видови на насилство

Физичкото насилство е најзабележаниот и нјраспротранетиот вид на врсничко насилство во училиштата. Тоа всушност претставува насилство со кое се повредува телото на другата личност. Се појавува во различни облици : од појава на чисто физичко насилство, до појава на физичко насилство во комбинација со психолошкото насилство. Физичкото насилство постои кога е присутен директен физички напад на жртвата, односно кога некој некого го задева или настојува да зададе повреда на другиот со удирање со рака или нога (Sinobad, 2005). Физичкото насилство може да се јавува повремено, ама може да биде и трајно, и со самото тоа со себе може да носи трајни и сериозни последици.

Вербалното насилство пак се дефинира како насилство кога се користат зборови за да се повредат нечии чувства и најчесто е следено со физичко насилство. Тоа подразбира: навредување, ширење на гласини, потсмевање итн.(Zečević, 2010). Според Stajić, Mijalković i Stanarević (2006).

- Емоционално насилство (психолошко) – се врши со вербален и невербален напад, како и намерно исклучување и запоставување од врсниците (Sinobad, 2005). Емоционалното насилство е резултат на нехумани односи на поединецот и групата. Ова насилство опфаќа омаловажување, етикетирање, игнорирање, озборување, навредување, уценување, нарекување со погрдни имиња, потсмевање, исмејување, неприфаќање, манипулирање, запретување, ограничени движења на ученикот и други непријателски однесувања (Žunić i Cicvarić, 2009) .

- Сексуално насилство – по својот состав претставува посебен, а по своите последици комбиниран тип на насилство. Во најопшта смисла подразбира користење на другата личност поради насилно задоволување на нечии сексуални потреби и нагони (Stajić, Mijalković iStanarević, 2006). Sinobad (2005) го дефинира сексуалното насилство како секоја ситуација во која поединецот е предмет на однесување со очигледна сексуална конотација. Жртвите се третираат како сексуален објект. Тое е насилство кога одредена личност против негова/нејзина желба ја допираат по интимни делови на телото, упатуваат безобразни зборови, покажуваат безобразни слики, принудуваат на сексуални односи со цел овозможување и задоволување на потребите на другата личност, наведување или приморување на ученикот да учествува во сексуални активности, користење на детето за проституција , порнографија и други облици на сексуална експлоатација(Žunić i Cicvarić, 2009).

- Социјално насилство – (исклучување од групата или дискриминација) се случува кога некој се исклучува од групните активности, кога се шират лажни гласини за некоја личност, или наговорување на другите да не се дружат со одредена личност. Се однесува на следните облици на однесувањ : одвојување на ученикот од другите заради различности, доведување во позиција на нерамноправност и нееднаквост , изолација, недругарување, игнорирање и неприфаќање по која било основа(Žunić i Cicvarić, 2009).

3. Самопочитување

Секојдневно во различни ситуации го соопштуваме она што го доживуваме, ги оценуваме сопствените искуства, сопствените и туѓите постапки. Под self-concept или слика за себе, во најширока смисла, Такашманова-Соколовска подразбира „тоталитет на сите знаења, сфаќања и чувства за себеси, специфична композиција на сите описи за себе(вербални, сликовни и др.), кои суштински се поврзани со вредносниот себеопис, пред сѐ, со себепочитувањето (1998, стр.82)“.

Себеприфаќањето најчесто се објаснува преку расчекорот меѓу реалната и идеалната слика за себе, земајќи ја при тоа дискрепанцата како инверзна мерка на себеприфаќањето.

Како децата ќе се гледаат себеси, најмногу зависи од родителите, што за нив е голема одговорност и голем предизвик.Секој родител се надева дека неговото дете ќе развие позитивно чувство за самопочитување. Личностите кои имааат позитивен впечаток за себе си имаат и позитивен впечаток дека можат и нешто вредно да допринесат.

За развој на самопочитувањето, значајни се односите на поединецот со другите од неговата социјална средина. Самопочитувањето зависи од тоа како поединецот замислува дека го проценуваат луѓето од неговата средина.Така, на помала возраст значајна е интеракцијата со родителите, но подоцна позначајна станува интеракцијата со врсниците. Дури на подоцнежна возраст се развиваат сопствените верувања и ставови кои во помала мера се под влијание на средината (Lebedina-Manzoni i Lotar, 2007).

За развојот на самопочитувањето значајни се и односите на детето со другите деца. Самопочитувањето (чувство на гордост или срам) кај децата зависи од тоа како претпоставуваат дека другите ги проценуваат, а особено од тоа како претпоставуваат дека ги проценуваат нивните врсници. Истражувањата покажуваат дека најголемо самопочитување имаат децата кои меѓу своите врсници имаат статус на популарно дете (Lacković-Grgin, 1990).

Од самопочитувањето во голема мера зависи како детето ќе ги решава конфликтните ситуации, како ќе се спротивставува на негативните влијанија и колку ќе биде среќно во животот.

I. Проблем на истражување

Од се она што беше претходно кажано можеме да заклучиме дека проблемот на истражување гласи:

Дали постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со самопочитувањето кај учениците од основно образование?

II. Истражувачки хипотези

Во согласност со проблемот на истражувањето формулирана е основната хипотеза на ова истражување, која гласи:

- Постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со самопочитувањето на учениците од осмо одделение.

1. Постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување.
2. Не постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на самопочитувањето (себедоживување и доживување од другите).

III. Варијабли

Варијабли во истражувањето се:

- Насилно однесување на учениците.

Насилното однесување на учениците е бихевиорала варијабла. Оваа варијабла вклучува две димензии: доживеано и манифестирано насилно однесување.

- Самопочитување

Самопочитуавњето е организмена варијабла, која се однесува на две димензии: процена на сопствената вредност (себедоживување) и доживување на вреднувањето од страна на другите (доживување од другите).

- Пол на учениците

Ова е организмена варијабла и се однесува на биолошката машкост или женскост. Полот е земен како варијабла во ова истражување за да се испита дали постојат разлики меѓу машките и женските испитаници, во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување, во квалитетот на семејната интеракција и во самопочитувањето.

IV. Примерок

Истражувањето е спроведено во пет основни училишта во Скопје и тоа, ОУ Љубен Лапе (32 ученици), ОУ Панајот Гиновски (29 ученици), ОУ Живко Брајковски (31 ученик), ОУ Стив Наумов (45 ученици) и ОУ Димо Хаџи Димов (54 ученици) и во истото беа опфатени 191 ученик од осмо одделение. Нивната возраст се движи од 13-14 години, односно просечната возраст изнесува 13.6 години. Примерокот го сочинуват 101 испитаници од машки пол и 90 испитаници од женски пол. Примерокот е пригоден и го сочинуваат ученици кои во учебната 2012/2013 беа ученици во осмо одделение, а кои беа на располагање во моментот на тестирањето.




Графикон 1. Шематски приказ на бројот на испитаници според основното училиште

## V. Инструменти

Во истражувањето се применети следните мерни инструменти: Прашалник за испитување на насилното однесување на учениците (Olweus, 1996) и Прашалник за самопочитување (Vizek –Vidović IKuterovec-Jagodić, 1996).

## VI. Резултати

Во овој дел од трудот ќе бидат прикажани резултатите кои се однесуваат на прашањата дефинирани во хипотезите и подхипотезите, поточно добиените резултати кои се однесуваат на поврзаноста на доживеаното и манифестираното насилно однесување и самопочитувањето кај учениците од основно училиште. Направена е статистичка обработка, пресметани се и графички се прикажани вредностите на параметрите кои се значајни за ова истражување.

Табела 1. Корелација на резултатите за поврзаноста на сите видови на насилството (жртва/ извршител)

| | | Видови насилство кај децата кои се жртви на насилство | | | | Видови насилство кај децата кои се извршители на насилство | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Емоционално | Физичко | Сексуално | Занемарување | Емоционално | Физичко | Сексуално | Занемарување |
| доживеано насилство | Емоционално | 1 | .801** | .189* | .626** | .599** | .580** | .237** | .325** |
| | Физичко | | 1 | .312** | .730** | .486** | .556** | .420** | .404** |
| | Сексуално | | | 1 | .452** | .219** | .273** | .432** | .063 |
| | Занемарување | | | | 1 | .394** | .497** | .534** | .297** |
| Манифестирано насилство | Емоционално | | | | | 1 | .846** | .336** | .696** |
| | Физичко | | | | | | 1 | .502** | .728** |
| | Сексуално | | | | | | | 1 | .615** |
| | Занемарување | | | | | | | | 1 |

Во рамките на оваа хипотеза, со помош на Пирсонов коефициент на корелација е тестирана и поврзаноста на сите видови на насилство (жртва/извршител) помеѓу себе (Табела 1). Така, утврдено е дека кога децата се жртви на насилство, постои статистичка поврзаност на емоционалното насилство со сите други видови на насилство и тоа со физичкото (p<.01, p=.801), со сексуалното (p<.05, p=.189) и со занемарувањето (p<.01, p=.626). Исто така, утврдена е значајна поврзаност на децата кои се жртви на емоционално насилство, со извршувањето на насилство, и тоа со

емоционалното (p<.01, p=.599), со физичкото (p<.01, p=.580), со сексуалното (p<.01, p=.237) и со занемарувањето (p<.01, p=.325).

Резултатите во Табела 1 говорат и за статистички значајна поврзаност помеѓу физичкото насилство, во случаите кога децата се жртви на насилство со сите останати видови на насилство, и тоа со емоционалното насилство (p<.01, p=.801), со сексуалното (p<.01, p=.312) и со занемарувањето (p<.01, p=.730). Освен тоа, утврдена е значајна поврзаност на децата кои се жртви на физичко насилство, со извршувањето на насилство, и тоа, со емоционалното насилство (p<.01, p=.486), со физичкото (p<.01, p=.556), со сексуалното (p<.01, p=.420) и со занемарувањето (p<.01, p=.404).

Исто така, постои статистички значајна поврзаност помеѓу сексуалното насилство на децата жртви со другите видови на насилство, и тоа со емоционалното (p<.05, p=.189), со физичкото (p<.01, p=.312) и со занемарувањето (p<.01, p=.452). Освен ова, утврдена е значајна поврзаност на децата кои се жртви на сексуално насилство, со извршувањето на насилство, и тоа со емоционалното (p<.01, p=.219), со физичкото (p<.01, p=.273) и со сексуалното (p<.01, p=.432).

Кога станува збор за занемарувањето кое го доживеале децата, повторно резултатите ни говорат за статистички значајна позитивна поврзаност со останатите видови на насилство, и тоа со (p<.01, p=.626), со физичкото (p<.01, p=.730) и со сексуалното (p<.01, p=.452). Исто така, утврдена е значајна поврзаност на децата кои се жртви на занемарување, со извршувањето на насилство, и тоа со емоционалното (p<.01 (p=.394), со физичкото (p<.01, p=.497), со сексуалното (p<.01, p=.534) и со занемарувањето (p<.01, p=.297).

Што се однесува пак до податоците кога децата се јавуваат како извршители на насилството, повторно постои поврзаност помеѓу видовите на насилство, и тоа на емоционалното насилство со емоционалното, кога децата се жртви (p<.01, p=.599), со физичкото (p<.01, p=.486), со сексуалното насилство (p<.01, p=.273) и со занемарувањето (p<.01, p=.394). Исто така, постои значајна

поврзаност помеѓу извршувањето на емоционално насилство, со извршување на останатите видови насилство, и тоа со физичкото (p<.01, p=.846), со сексуалното (p<.01, p=.336) и со занемарувањето (p<.01, p=.696).

Исто така, кога децата се јавуваат како извршители на насилство, постои статистички значајна поврзаност на физчкото насилство со емоционалното насилство, кога децата се жртви (p<.01, p=.580), со физичкото (p<.01, p=.556), со сексуалното (p<.01, p=.273) и со занемарувањето (p<.01, p=.497). Извршувањето на физичкото насилство е поврзано со извршувањето и на останатите видови насилство, и тоа со емоционалното (p<.01, p=.846), со сексуалното (p<.01, p=.502) и со занемарувањето (p<.01, p=.728).

Исто така, забележана е статистички значајна поврзаност помеѓу сексуалното насилство, кога децата се извршители, со децата жртви на емоционалното насилство (p<.01, p=.237), на физичкото насилство (p<.01, p=.420), на сексуалното насилство (p<.01, p=.432) и на занемарувањето (p<.01, p=.534). Извршувањето на сексуалното насилство е поврзано и со извршување на емоционално насилство (p<.01, p=.336) и физичкото насилство (p<.01, p=.502).

Кога станува збор за децата кои вршат занемарување, забележлива е повторно статистички значајна поврзаност со останатите видови на насилство, и тоа кога децата се жртви, со емоционалното насилство (p<.01, p=.325), со физичкото насилство (p<.01, p=.404) и со занемарувањето (p<.01, p=.297). Извршувањето на занемарување е поврзано и со извршување на емоционално насилство (p<.01, p=.696), физичко насилство (p<.01, p=.728) и сексуално насилство (p<.01, p=.615).

## ПОВРЗАНОСТ НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ СО САМОПОЧИТУВАЊЕТО

За утврдување на поврзаноста на доживеаното и манифестираното насилно однесување со самопочитувањето користен е Пирсонов коефициент на корелација, на податоци кои претходно математички се трансформирани, бидејќи не е задоволен условот за нормална дистрибуираност на сировите скорови (Табела 3).

Табела 2: Матрица на интеркорелации меѓу доживеаното и манифестираното насилство и самопочитувањето (Н=191)

| | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| 1.Доживеано насилство | 1,00 | | | |
| 2.Манифестирано насилство | 0,618** | 1,00 | | |
| 3.Себедоживување | -0,548** | -0,496** | 1,00 | |
| 4. Доживување на другите | -0,585** | -0,597** | 0,638** | 1,00 |

Меѓу доживеаното и манифестираното насилно однесување постои статистички значајна позитивна поврзаност (р=0,618, п<0,01), (Табела 2). Гледаме дека доколку учениците доживеале насилство, тие се исто така подготвени такви форми на однесување да изразат кон своите другари од училиштето и обратно.

Врз основа на резултатите добиени во нашето истражување (Табела 2) можеме да заклучиме дека постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со самопочитувањето кај учениците од основно училиште. Доколку самопочитувањето на учениците е поголемо тие ќе бидат поспособни

да го препознаат насилното однесување и во помала мера ќе бидат насилни кон другите ученици (р =-0,496, п<0,01) (Табела 2).

Во нашето истражување се покажа дека доживеаното насилно однесување на учениците е помало кај оние ученици кај кои себедоживувањето е поголемо (р = -0,548, п< 0,01), (Табела 2). Исто така, се потврди дека доживеаното насилно однесување кај учениците е помало ако доживувањето од другите е поголемо (р = -0,585, п< 0,01).

Добиените резултати потврдуваат дека манифестираното насилно однесување на учениците е помало доколку себедоживувањето е со поголема вредност (р = -0,496, р < 0,01), но и дека манифестираното насилно однесување на учениците е помало кај учениците со повисоко доживување од другите (р = -0,597, п < 0,01) (Табела 2).

## РАЗЛИКИ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ОД МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ ВО ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛСТВО

Добиените резултати прикажани во Табела 3 укажуваат на постоење на разлики меѓу момчињата и девојчињата во манифестираното насилно однесување (Mann-Whitnesz=-3,53, п<0,05). Момчињата наспроти девојчињата покажуваат поголема подготвеност за насилно однесување кон другите ученици, за применување на погрдни имиња или за исклучување на други ученици од својот круг на пријатели. Вака утврдената разлика може да се должи на процесот на социјализација низ кој на различен начин поминуваат момчињата и девојчињата во нашето општество.

За жал агресивното однесување на момчињата често се поткрепува, додека истото однесување кај девојчињата остро се критикува, се толкува како несоодветно и се потиснува. Помалата можност да одговораат за своето агресивно однесување може да влијае на зголемувањето на агресивноста кај момчињата (Mann-Whitnesz=-3,53, п<0,05).

Табела 3: Разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување

| Насилство | M | | Сума од рангови | | Mann-Whitney Z | P |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | машки | женски | | |
| Манифестирано насилство | 89,84 | 72,42 | 5908,50 | 4244,50 | -3,53 | 0,01 |
| Доживеано насилство | 85,84 | 76,77 | 5612,50 | 4540,50 | -2,33 | 0,18 |

## РАЗЛИКИ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ОД МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ ВО ДОЖИВУВАЊЕТО НА ДИМЕНЗИЈАТА САМОПОЧИТУВАЊЕ

Под хипотезата која тврдеше дека не постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на самопочитувањето (себедоживување и доживување од другите), делумно се потврди.

Резултатите прикажани во Табела 4 покажуваат дека постои статистички значајна разлика меѓу момчињата и девојчињата во доживувањето од другите (п<0,03). Девојчињата за разлика од момчињата на оваа димензија постигнуваат повисоки резултати.

Табела 4: Разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на себедоживувањето и доживувањето од другите кај момчињата и девојчињата

| Самопочитување | М | | Сума рангови | | Mann-Whitney Z | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | машки | женски | | |
| Себедоживување | 75,47 | 88,07 | 4844,50 | 5308,50 | -2,83 | 0,06 |
| Доживување од други | 74,57 | 89,04 | 4778,00 | 5375,00 | -3,11 | 0,03 |

Традиционално девојчињата се социјализираат да бидат послушни, зависни од другите и да се прилагодуваат на барањата од средината, додека момчињата се социјализираат да бидат самостојни и активни членови на општеството. Меѓу момчињата и девојчињата постојат статистички значајни разлики кога е во прашање себедоживувањето и доживувањето од другите (Табела 4).

## Литература

Baldry, C. A. (2003) Bullying in schools and exposure to domestic violence. Child Abuse Neglect, Boston

Lackovic-Grgin, K. (1990) Sociometrijski položaj i samopoštovanje kod djece osnovnoškolske dobi, Radovi FF – Zadar

Lebedina-Mazoni .M, Lotar,N. (2007) Podložnost vršnjačkom pritisku i samopoštovanje kod studenata. Ricijaš, Zagreb.

Olweus, D. (1993) Bulling at school: What we know and what we can do. Oxford, UK, itd: Blackwell

Olweus, D. (1998). Nasilje među djecom u školi: Što znamo i što možemo ućiniti. Zagreb: Školska knjiga.

Sinobad, S. (2005) Obeležja vršnjačkog nasilja u školama. Beograd

Stajić, Lj., Mijalković, S., i Stanarević, S. (2006) Bezbednosna kultura mladih – Kako živeti bezbedno

Takašmanova,T. (1998) Kognitivniot razvoj i slikata za sebe vo periodot na adolescencija. Grafohartija, Skopje : Grafohartija

Zečević, I., (2010) Program prevencije vršnjačkog nasilja u školama. Banja Luka

Žunić, J., I Cicvarić, R. (2009) Nasilje u školi. Užice

Žužul,M. (1989) Agresivno ponašanje – Psihologijska analiza. Radna zajednica republičke konferencije saveza socijalističke omladine Hrvatske, Zagreb.